**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Бр. 25-548/1**
**20.01.2011 година**
**Скопје**

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05 и 110/08) и член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08), постапувајки по барањето на **Друштвото за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ УСЛУГИ – ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** бр.25-9489/1 од 22.12.2010 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА**

**На Друштвото за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ УСЛУГИ – ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,** за вршење на работите, во постапката на одобрување на одделни преправки и поправки на возило во кое дополнително е вграден уред за погон на возилото на компримиран или течен гас, согласно член 7 став (1) точка 1 и член 23 став (3) точка 2 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила и Прилог II од Правилникот за единечно одобрување на возило, на правното лице за инспекциските места:
- Скопје на ул.Лазар Трповски бб.- Чаир;
- Скопје на ул.Иво Лола Рибар бр.51.- Центар;
- Битола на ул.„Арон Арести бб – Стрелиште;
- Велес на ул.Моша Пијаде бб;
- Струмица на ул.Ленинова бр.94;
- Кичево на ул.Магистрален пат бб;
- Охрид на ул.Лазо Трпоски бб;
- Струга на ул.Пролетерски бригади бр.68;
- Прилеп на ул. Моша Пијаде бр.230;
- Кочани на ул.29 Ноември бр109;
- Куманово на ул.3-та МУБ бб; и
- Берово на ул.Маршал Тито бр.4.

Образложение

**Друштвото за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ УСЛУГИ – ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**, до Министерството за економија поднесе барање со кое бара овластување за техничка служба за вршење на работите согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10 и 105/10) и за испитување за одобрување на преправено возило во кое дополнително е вграден уред за погон на возилото на компримиран или течен гас согласно член 7 став (1) точка 1 и член 23 став (3) точка 2 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10)..
Кон барањето се поднесени следните документи:
- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба од органот за одобрување – Бирото за метрологија бр.25-86/1 од 04.01.2011 година;
- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-011, заведено под бр.08-204/10 од 27.07.2010 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;
- Доказ за тековната состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден бр.0807-9/34535/1 од 01.12.2010;

- Копии од обрасците М1/М2 за дипл. маш. инг. Данијела Доневска, дипл. маш. инг. Стојкоски Љубомир, дипл. маш. инг. Стефаноски Горан и сообраќаен техничар Тодоровски Душко;
- Доказ за склучен договор за осигурување бр.13023000061101/0 од 20.10.2010 година;
- Договори за закуп на деловен простор и опрема заверени на нотар и тоа: за Скопје на ул.Лазар Трповски бб.- Чаир заверен на нотар бр.УЗП4279/10 од 14.12.2010 година, за Скопје на ул.Иво Лола Рибар бр.51.- Центар заверен на нотар бр.УЗП4280/10 од 14.12.2010 година, за Битола на ул.,Арон Арести бб – Стрелиште заверен на нотар бр.УЗП4276/10 од 14.12.2010 година, за Велес на ул.Моша Пијаде бб заверен на нотар бр.УЗП4278/10 од 14.12.2010 година, за Струмица на ул.Ленинова бр.94 заверен на нотар бр.УЗП4284/10 од 14.12.2010 година, за Кичево на ул.Магистрален пат бб заверен на нотар бр.УЗП4287/10 од 14.12.2010 година, за Охрид на ул.Лазо Трпоски бб заверен на нотар бр.УЗП4282/10 од 14.12.2010 година, за Струга на ул.Пролетерски бригади бр.68 заверен на нотар бр.УЗП4285/10 од 14.12.2010 година, за Прилеп на ул. Моша Пијаде бр.230 заверен на нотар бр.УЗП4286/10 од 14.12.2010 година, за Кочани на ул.29 Ноември бр.109 заверен на нотар бр.УЗП4283/10 од 14.12.2010 година, за Куманово на ул.3-та МУБ бб заверен на нотар бр.УЗП4281/10 од 14.12.2010 година и за Берово на ул.Маршал Тито бр.4. заверен на нотар бр.УЗП4277/10 од 14.12.2010 година; и
- Извешатај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех, издадено од Централен регистар на Република Македонија бр.09-04-10/4421 од 15.12.2010 година.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО** : незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на економијата. Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

*МИНИСТЕР,*
*Фатмир Бесими*